Funded by the European Union

FARM to FORK ACADEMY

Договорен орган: Мрежа за рурален Развој на С. Македонија

# ПОДДРШКА ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПРЕКУ

# ФОНДОТ НА АКАДЕМИЈАТА ОД ФАРМА ДО ВИЛУШКА

## УПАТСТВО ЗА АПЛИКАНТИТЕ ЗА ГРАНТ

Референтен број на повикот: Академија од Фарма до вилушка (F2F) 2022/441-175

Краен рок за поднесување на целосната апликација:

**25 април 2025 до 23:59**

## Белешка

Ова е отворен Повик за предлози преку едностепена процедура за аплицирање, при што апликантите треба да ги достават сите документи во исто време. Најпрвин ќе биде направена евалуација на административната проверка. Дополнително, правото на учество ќе биде проверено врз основа на придружните документи побарани од Договорниот орган. Потоа, за апликантите кои се прелиминарно селектирани, ќе бидат оценети предлог проектите.

Инструкциите дадени во овој документ ќе им помогнат на сите апликанти успешно да ги поднесат своите апликации. Можете да го симнете Пакетот за аплицирање на веб страницата на МРР на СМ www.ruralnet.mk.

# Содржина

**1. ПОДДРШКА ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПРЕКУ ФОНДОТ НА АКАДЕМИЈАТА ОД ФАРМА ДО ВИЛУШКА ........ 4**

1.1 Појдовни основи ........ 4
1.2 Цели на повикот ........ 4
1.3 Распределба на финансиските средства обезбедени од договорниот орган ........ 5

**2. ПРАВИЛА ЗА ОВОЈ ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ ........** ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

**2.1 КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО ........** ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

2.1.1 Прифатливи апликанти ........ 6
2.1.2 Прифатливи акции: акции за коишто може да се поднесе апликација ........ 7
2.1.3 Прифатливи трошоци: трошоци што може да бидат вклучени ........ 10

**2.2 КАКО ДА АПЛИЦИРАТЕ И КОИ ПРОЦЕДУРИ ТРЕБА ДА СЕ СЛЕДАТ ........ 12**

2.2.1 Апликации ........ 12
2.2.2 Дополнителни информации за апликациите ........ **Error! Bookmark not defined.**

**2.3 ЕВАЛУАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА НА АПЛИКАЦИИТЕ ........ 14**

**2.4 ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОДЛУКАТА НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН ........ 18**

**2.5 ПРАВО НА ЖАЛБА ........ 18**

**2.6 УСЛОВИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ПО ОДЛУКАТА НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН ДА ГО ДОДЕЛИ ГРАНТОТ ........ 18**

**3. ЛИСТА НА АНЕКСИ ........** ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

**ПОДДРШКА ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПРЕКУ ФОНДОТ НА АКАДЕМИЈАТА ОД ФАРМА ДО ВИЛУШКА**

## 1.1 Појдовни основи

Проектот „*Академија Од Фарма до вилушка за Зелен Западен Балкан – Наша заедничка европска иднина*“ се имплементира во шест земји од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*[1], Црна Гора, Северна Македонија, Србија) и Хрватска. Проектот се фокусира на зајакнување на придонесот на актерите од граѓанското општество во ЗБ-6 за имплементација на процесот на интеграција и приближување до ЕУ во ЗБ во секторот за земјоделство и рурален развој преку унапредување на зелената и правична транзиција во регионот. Тоа ќе биде направено преку стимулирање на подобра средина за да придонесат ГО и мрежите на ГО и другите рурални засегнати страни проактивно во справувањето со предизвиците поврзани со климатските промени и загубите на биолошката разновидност, и за да бидат во состојба да одржат парципативни консултации и конструктивен политички дијалог за забрзување на реформскиот процес одоздола нагоре во приближувањето до ЗЗП на ЕУ, конкретно усогласување со Зелениот договор на ЕУ и Стратегијата Од фарма до вилушка (F2F).

Партнерите во проектот – партнерството на Мрежите за национален рурален развој (NRDN) во шест земји од Западен Балкан (ЗБ-6) и Хрватска и нивната регионална платформа за соработка, Балканска мрежа за рурален развој (BRDN) предводат во справувањето со денешните критични прашања што го засегаат одржливиот рурален развој. Овие автентични мрежи на граѓански организации поддржуваат формулација и имплементација на политики за земјоделство и рурален развој на национално и регионално ниво во светлото на принципите што ги водат процесите на интеграција на регионот во Европа. Предложената акција ја рефлектира заедничката визија на партнерите во проектот да придонесат за процесот на интеграција и приближување до ЕУ во ЗБ во секторот за земјоделство и рурален развој преку унапредување на зелената и правична транзиција во регионот. Партнерите во проектот се свесни за важната улога на граѓанскиот сектор (ГО и мрежите на ГО) во регионот во справувањето со општествените предизвици. Но, тие имаат ограничени капацитети да придонесат за долгорочна општествена и економска трансформација на регионот.

За да одговори на овие ограничувања, проектот се фокусира на три главни столбови: градење на капацитетите на ГО и мрежите на ГО, за да им се овозможи ним да се справат ефективно со тековните општествени предизвици; одржувањето на локални решенија преку воспоставување на Фонд на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) и промовирање на застапување и агенда на политики одоздола-нагоре. Процесите на партиципативна консултација остануваат во срцето на иницијативите преземени од Националните мрежи за рурален развој (NRND) за зајакнување на инклузивниот и партиципативен пристап „одоздола-нагоре“ кон локалниот развој.

## 1.2 Цели на повикот

Општата цел на Фондот на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) е да се зајакне придонесот на граѓанското општество за процесот на интеграција на ЗБ-6 во ЕУ, конкретно усогласување со Зелениот договор на ЕУ и Стратегијата Од фарма до вилушка (F2F).

Посебната цел на Фондот на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) е воведување на иновативни, зелени и инклузивни решенија за оддржливи системи за храна и основни ресурси и нивна понатамошна промоција заради справување со предизвиците поврзани со климатските промени и загубите на биолошката разновидност. Резултатите на Фондот на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) ќе бидат локално водени акции од мал обем промовирани од граѓански организации со фокус на иновативни, зелени и инклузивни решенија за оддржливи системи за храна и основни ресурси. Дополнително, Фондот на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) ќе ги поддржи Националните мрежи за рурален

[1] Оваа ознака не е во спротивност со позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата UNSC 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независнот на Косово.

развој (NRDN) во секоја од земјите на ЗБ-6 и Балканската мрежа за рурален развој (BRDN) во подобрување на коалицијата и градењето капацитети за зголемено влијание на ГО врз процесите на реформите во земјоделството и руралните средини.

### 1.3 Распределба на финансиските средства обезбедени од договорниот орган

Севкупниот рамковен износ за подгрантови од Фондот на Академијата Од фарма до вилушка достапен во овој повик за предлози е 240,000 ЕВРА или 40,000 ЕВРА за секоја земја преку соодветниот партнер во проектот во секоја од земјите на ЗБ-6.

Договорниот орган го задржува правото да не ги додели сите достапни финансиски средства.

**Рамковна распределба на финансиски средства по линија на финансирање**

| Линија на Фондот на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) | Буџет во ЕВРА | Буџет по земја во ЕВРА |
|---|---|---|
| Линија 1: Грантовите ќе им бидат исплатени на проекти имплементирани од Локалните акциски групи | 120,000 | 20,000 |
| Линија 2: Грантовите ќе им бидат исплатени на проекти имплементирани од Организации со членство (Grassroots граѓански организации) | 120,000 | 20,000 |

Ако распределбата за специфична линија на финансирање не може да се искористи заради незадоволителен квалитет или недоволен број на примени предлози, договорниот орган го задржува правото да ги прераспредели останатите финансиски средства во друга линија на финансирање.

**Големина на грантовите:**

Секој грант побаран во рамките на овој повик за предлози треба да се движи во рамките на следниве минимални и максимални износи:

- Минимален износ на грант: 3,000 ЕВРА
- Максимален износ на грант: 5,000 ЕВРА

Износот на подгрантот покрива 100% од прифатливите трошоци на иницијативите на корисниците на подгрант.

Севкупните акции мора да се реализираат во една од земјите од ЗБ-6.

## 2. ПРАВИЛА ЗА ОВОЈ ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ

Во ова упатство се определуваат условите за поднесување, селекција и имплементација на акциите финансирани во рамките на овој повик, во согласност со практичниот водич, што е достапен на интернет на оваа адреса: https://wikis.ec.europa.eu/display/ExactExternalWiki/ePRAG.

### 2.1 Критериуми за учество

Ова се трите групи критериуми за учество во врска со:

актерите (2.1.):

- ‘апликантот”, т.е субјектот што го поднесува формуларот за апликација.

акциите (2.2):
- акциите за коишто грантот може да биде доделен.

трошоците (2.3):
- типовите трошоци што може да бидат земени предвид при одредувањето на износот на грантот.

### 2.1.1 Прифатливи апликанти

**Актерите:**

За да може да се квалификува за грантот, апликантот мора:
- биде правно лице **и**
- да биде непрофитен субјект **и**
- да биде граѓанска организација[2] (ГО) или репрезентативна мрежа на ГО[3] што работи во тематските области релевантни за овој Повик за предлози и е основана во една од шесте земји на регионот на ЗБ, имено: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.
- да биде директно одговорен за подготовка и менаџмент на акцијата, а не да делува како посредник **и**
- да е регистриран барем шест (6) месеци за Линијата за финансирање 1, и дваесет и четири (24) месеци за Линијата за финансирање 2 пред крајниот рок за поднесување предлог проекти
- Да има најмалку шест месеци искуство во делување како Локална акциска група (ЛАГ) и две години искуство како организација со членство, соодветно за Линијата за финансирање, за којашто се поднесува апликацијата со главен фокус во една од следниве области:
  - Земјоделство и рурален развој
  - Одржлив општествен и економски развој
  - Екологија и заштита на животната средина
  - Поддршка за ранливи групи, млади и жени во руралните средини, фармери од мал обем, групи на производители итн.

**Овој повик е наменет за:**

**<u>Линија 1 од Фондот на Академијата Од фарма до вилушка (F2F)</u>**: Линијата 1 од фондот е наменета исклучиво за Локалните акциски групи (ЛАГ) кои се регистрирани како граѓански организации (ГО) и кои според нивните Статути работат во согласност со принципите на ЕУ ЛИДЕР.

---

[2] Како што е дефинирано во Инструментот за соседство, развој и меѓународна соработка (NDICI), Тематска програма за граѓански организации – Повеќегодишна рамковна програма 2021-2027 „Граѓанското општество е многу хетерогено и опфаќа широк спектар на актери и цели. ЕУ смета дека организациите на граѓанското општество опфаќаат широк спектар на актери со повеќе улоги и мандати, и ги вклучуваат сите недржавни, непрофитни, независни и ненасилни структури, преку кои луѓето се организираат за да ги следат заедничките цели и идеали, без разлика дали се политички, културни, религиозни, еколошки, социјални или економски или поврзани со здравјето [...]“ Тие вклучуваат, но не се ограничени на: невладини организации, организации кои ги претставуваат домородните народи, женски и младински организации, организации од дијаспората, организации на мигранти, локални трговски здруженија и граѓански групи, кооперативи, здруженија на работодавачи и синдикати (социјални партнери), организации кои ги претставуваат економските и социјалните интереси, организации кои се борат против корупцијата и измамите и промовираат добро владеење, организации за граѓански права и организации кои се борат против дискриминацијата, локални организации (вклучувајќи мрежи) вклучени во децентрализирана регионална соработка и интеграција, организации на потрошувачи, организации за животна средина, настава, култура, истражување и наука, универзитети, цркви и верски здруженија и заедници, филозофски и неконфесионални организации, непрофитни медиуми и какви и да било невладини здруженија и независни фондации, вклучително и независни политички фондации.

[3] Мрежа со статус на правно лице мора да ја поднесе апликацијата во името на мрежата.

Прифатливите организации треба да докажат дека имаат минимум шест месеци искуство во имплементирање на акции слични или идентични со приоритетите од овој повик.

**Линија 2 од Фондот на Академијата Од фарма до вилушка (F2F):** Grassroot ГО, Организации со членство, вклучително здруженија на фармери, федерации, кооперативи, синдикати, мрежи, групи на жени производители и други слични типови на организации со членство, активни во земјоделство, рурален развој, рибарство, шумарство, итн.

Прифатливите организации треба да докажат дека имаат минимум две години искуство во имплементирање на акции слични или идентични со приоритетите на овој повик.

**Ко-апликант:**
Апликантот мора да делува сам, ко-апликант/поврзан субјект/партнери не може да учествуваат во акцијата.

### 2.1.2 Прифатливи акции: акции за коишто може да се поднесе апликација

Дефиниција:
Акцијата се состои од група активности.

Времетраење:
Планираното времетраење на акцијата не може да биде помалку од 6 месеци и повеќе од 9 месеци.

Сектори или теми:

Акции што ги адресираат предизвиците на одржливото производство на храна и климатските промени, ја поддржуваат стратегијата Од фарма до вилушка (F2F) и Зелениот договор на локално ниво во регионот на ЗБ-6 вклучително, но не само промоција на:

1. Одржливо производство и земјоделски практики, рурален развој и производство на храна
2. Заштита на животната средина и зачувување на биолошката разновидност
3. Ублажување и адаптација на климатските промени

Локација:
Проектите мора да се одвиваат во една од земјите на регионот на ЗБ: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

За двете линии на финансирање од Фондот на Академијата Од фарма до вилушка (F2F), проектите треба да бидат спроведени во рурални области, што се дефинирани од Министерството за земјоделство и рурален развој во соодветната земја.

Ве молиме погледнете ги соодветните линкови подолу за листа на рурални области за Северна Македонија: https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2016/10/%D0%9F%D0%A0%D0%98%D0%9B%D0%9E%D0%93-1-%D0%9B%D0%98%D0%A1%D0%A2%D0%90-%D0%9D%D0%90-%D0%A0%D0%A3%D0%A0%D0%90%D0%9B%D0%9D%D0%98-%D0%9F%D0%9E%D0%94%D0%A0%D0%90%D0%A7%D0%88%D0%90.pdf

Типови акција:
Целите на проектот мора да бидат усогласени со приоритетите идентификувани во соодветната Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2021-2027) на секоја земја од ЗБ-6 соодветно

(Албанија[4], Косово[5], Босна и Херцеговина[6], Црна Гора[7], Северна Македонија[8] и Србија[9]) во поглед на мерките за поддршка на оддрживо земјоделство и рурален развој, животна средина, заштита на климата и биолошката разновидност, млади фармери, рурална младина и жени.

Сите иницијативи поддржани од Фондот на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) **мора да вклучуваат барем една дисеминациска акција за подигнување на свеста и за едуцирање на локалните заедници за нејзиното влијание на одржливиот развој и основните ресурси.**

Типови на активност:

Проектот треба да опфати активности насочени да ги постигнат неговите цели и да го максимизираат неговото влијание. Акциите треба да вклучат активности за градење капацитети и едукативни активности, кампањи за подигнување на свеста, настани за вмрежување и иницијативи за застапување, тестирање на нови практики и технологии итн., при што сите треба да служат за мобилизација на засегнатите страни и да поттикнат позитивна промена во нивните заедници:

Следниве типови на активности **се неприфатливи:**

- акции што се занимаваат само или главно со индивидуални спонзорства за учество во работилници, семинари, конференции и конгреси;
- акции што се занимаваат само или главно со индивидуални стипендии за студии или тренинг курсеви;
- акции што се занимаваат само или главно со "еднократни" конференции или слични настани;
- акции што се занимаваат само или главно со академско истражување и/или физибилити студии;
- акции што се занимаваат само или главно со инвестиции во инфраструктура и/или набавка на опрема;
- акции поврзани со политички партии или од политичка/партизанска или религиозна природа;
- акции што потпаѓаат под општите активности на надлежните државни институции или државни административни сервиси, вклучително локалната управа;
- акции поврзани со: тутунската индустрија (CAEN код 16), производство на дестилирани алкохолни пијалоци (CAEN код 1591), оружје и муниција (CAEN код 296);
- Капитални инвестиции.

**Прифатливите** типови на активности што може да бидат финансирани во рамките на овој повик вклучуваат (листата не е конечна):

1. Организирање на тренинг сесии за локални фармери, производители, и водачи на заедницата за зајакнување на вештините поврзани со одржливите земјоделски практики, ублажувањето на климатските промени и еколошката конзервација.

---

[4] https://bujqesia.gov.al/wp-content/uploads/2023/03/Vendim-2022-06-29-460-1.pdf

[5] / https://www.mbpzhr-ks.net/repository/docs/NATIONAL_PROGRAM_FOR_AGRICULTURE_AND_RURAL_DEVELOPMENT_20232027.pdf

[6] https://vldars.rs/srSPCyrl/Vlada/Mintarstva/mps/%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%80%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE/Documents/strategija%202021%202027.pdf

[7] AGRICULTURAL AND RURAL DEVELOPMENT PROGRAM OF MONTENEGRO UNDER IPARD III 2021-2027

[8] https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/%D0%9D%D0%A1%D0%97%D0%A0%D0%A0%202021-2027.pdf

[9] http://www.minpolj.gov.rs/download/strategija-poljoprivrede-i-ruralnog-razvoja-republike-srbije-za-period-2014-2024-godine/

2. Креирање на кампањи фокусирани на едуцирање на локалните заеднии за климатската промена, одржливите земјоделски техники и Европскиот зелен договор.

3. Овозможување состаноци помеѓу различни локални организации, земјоделци и засегнати страни за да се изградат посилни мрежи, да се разменат знаења и да се соработува за заеднички прашања.

4. Организирање настани што ги обединуваат креаторите на политиките, експертите и водачите на заедниците за да разговараат за предизвиците и можностите во руралниот развој, одржливото земјоделство и адаптацијата на климатските промени.

5. Ангажирање во напорите за застапување насочени кон влијание врз локалните и националните политики во корист на одржливото земјоделство, стратегиите за климатска адаптација и програмите за рурален развој.

6. Развивање акциски планови со локалните заедници за спроведување на практики на климатски отпорно земјоделство или други еколошки стратегии за намалување на влијанието на климатските промени.

7. Организирање на програми и работилници коишто се посебно насочени кон младите и жените земјоделци за да се поттикне нивното активно учество во одржливото земјоделство и процесите на донесување одлуки.

8. Поставување фарми за демонстрација или пилот проекти за прикажување на еколошки и одржливи земјоделски техники како што се органско земјоделство, агрошумарство и методи за зачувување на водата.

9. Организирање на размени меѓу локалните земјоделци или водачи на заедниците од различни региони за да учат меѓусебно од искуствата и да ги усвојат најдобрите практики за одржливо земјоделство и рурален развој.

10. Организирање на локални настани или изложби за да се прикаже влијанието на климатските промени врз руралните заедници и да се презентираат решенија, технологии и пристапи кои би можеле да помогнат да се ублажат нивните ефекти.

11. Организирање едукативни сесии за агроекологија, земјоделски пристап што ги интегрира еколошките принципи со земјоделските практики, за промовирање на биолошката разновидност, здравјето на почвата и зачувувањето на водата во руралните области.

12. Овозможување на знаење и алатки за земјоделците за климатски паметни земјоделски практики, што вклучуваат диверсификација на културите, водоефикасни системи за наводнување и посеви отпорни на суша заради прилагодување на променливите климатски услови.

13. Креирање програми коишто истражуваат алтернативни опции за основни ресурси за руралните заедници, како што се пчеларството, еко-туризмот или занаетчиството, за да се намали зависноста од традиционалното земјоделство, истовремено поттикнувајќи ја еколошката одржливост.

14. Поддршка за основање и управување на локални земјоделски пазари каде што малите производители можат да им ги продаваат своите производи директно на потрошувачите, промовирајќи ги локалните системи за храна и обезбедувајќи подобри можности за приход за руралните фармери.

15. Организирање активности насочени кон подобрување на плодноста на почвата преку практики како компостирање, покривање со посев и намалена обработка на почвата за да се зголеми земјоделската продуктивност и одржливост на долг рок.

16. Спроведување на агрошумарски проекти кои интегрираат дрвја и грмушки во земјоделските системи, обезбедувајќи повеќекратни придобивки како стабилизација на почвата, зачувување на биолошката разновидност и зголемен приход преку продажба на недрвени производи.

17. Организирање работилници и демонстрации на техники за заштеда на вода, како што се наводнување капка по капка, собирање дождовница и управување на сливовите за да им се помогне на земјоделците да ја намалат употребата на вода и воедно да ја одржат продуктивноста.

18. Овозможување на програми што поттикнуваат заштеда и размена на автохтони семиња, промовирање на употреба на локални сорти и подобрување на безбедноста на храната, зачувувајќи ја истовремено биолошката разновидност.

19. Креирање на програми што ги поврзуваат локалните фармери директно со ресторани, училишта и други институции за да се промовира потрошувачката на локална, одржливо произведена храна, а со тоа да ги поддржат локалните економии и да го намалат јаглеродниот отпечаток од транспортот на храна.

20. Организирање иницијативи за промовирање на употребата на обновливи извори на енергија, како што се сончевата енергија или био-гасот во руралните заедници, намалување на зависноста од фосилни горива и обезбедување одржливи енергетски решенија за земјоделството и руралните претпријатија.

Видливост

Апликантите мора да се придржуваат до целите и приоритетите и да гарантираат видливост на финансирањето од ЕУ (видете ја Комуникација на видливоста за надворешни акции на ЕУ посочена и објавена од Европската комисија на https://commission.europa.eu/system/files/2022-07/communicating_and_raising_eu_visibility_-_guidance_for_external_actions_-_july_2022.pdf ).

Апликантите мора да ги преземат сите неопходни чекори за да го објават фактот дека Европската унија ја финансира акцијата преку проектот Академија од Фарма до вилушка. Активностите коишто се целосно финансирани од Европската унија мора, што е можно повеќе да вклучат информативни и комуникациски активности дизајнирани да ја подигнат свеста на конкретната или општата публика за причините за акцијата и поддршката на ЕУ за акцијата во засегнатата земја, како и резултатите и влијанието на оваа поддршка.

Број на апликации по апликант:

Апликантот **не може** да поднесе повеќе од една апликација во рамките на овој повик за предлози.

**Ако ова правило не се почитува, сите засегнати апликации ќе бидат одбиени.**

### 2.1.3 Прифатливи трошоци: трошоци што може да бидат вклучени

Прифатливите трошоци ќе бидат надоместени врз основа на реалните трошоци што биле направени, како што е наведено во буџетот. Категориите на трошоци што се прифатливи и неприфатливи се наведени подолу. Буџетот мора да биде добро испланиран, едноставен и реален, и да ги користи пазарните цени за проценка на трошоците во ЕВРА. Ќе се финансираат само трошоците наведени во буџетот. Апликантите мора да обезбедат детални оправдувања за трошоците на проектот и изворите на финансирање во Анекс Б (Буџет на акцијата).

Препораките за доделување подгрант секогаш подлежат на условот, со проверките што му претходат на потпишувањето на договорот за подгрант да не бидат откриени проблеми што бараат значителни промени во буџетот (освен мали аритметички грешки или неточности, ). Како резултат на проверките може да има барања за појаснување и договорниот орган може да наметне измени или намалувања како

одговор на таквите грешки или неточности. Не е можно да се зголеми грантот или процентот на финансирање како резултат на овие корекции.

Според тоа во интерес на апликантите е да понудат реален и економичен буџет.

Прифатливи трошоци

Прифатливи трошоци се реалните трошоци што биле направени од страна на корисниците на грантовите, а кои ги задоволуваат сите следни критериуми:

- настанале во текот на имплементацијата на проектот;
- се наведени во севкупниот буџет предвиден за проектот;
- се неопходни за имплементација на проектот, што е предмет на грантот;
- можат да бидат идентификувани и верификувани, конкретно, се регистрирани во сметководствената евиденција на корисникот и се определени во согласност со важечките сметководствени стандарди на земјата каде што е основан корисникот и во согласност со вообичаените сметководствени практики за трошоци на корисникот;
- се придржуваат до барањата на важечката регулатива за даноци и придонеси;
- се разумни, оправдани и се во согласност со принципот на добро финансиско управување, конкретно во однос на економичноста и ефикасноста.

Директни прифатливи трошоци, следниве директни трошоци на корисниците на грантовите ќе се сметаат за прифатливи:

- Трошоци за човечки ресурси: Трошок за персоналот што е ангажиран на проектот и кореспондира со актуелните бруто плати, вклучително и придонеси за социјално осигурување и други трошоци поврзани со надоместоци. Платите не треба да надминуваат 25% од вкупниот буџет на проектот.
- Патни трошоци и дневници: За персоналот и другите лица што учествуваат во проектот, под услов тие да не бидат поголеми од оние што нормално ги сноси корисникот на грантот во согласност со неговите правила и регулативи или стапки. Силно се препорачува да се набавуваат услуги по најекономични цени. Патните трошоци треба да бидат оправдани како најекономична опција. Патувањето со сопствено возило ќе биде дозволено само ако е навистина оправдано и пресметано врз основа на 0.25 ЕВРА/км.
- Трошоци за набавка (опрема и набавки): за опрема (нова или користена) и набавки специјално за целите на проектот кои треба директно да поддржат конкретни интервенции во одржливо производство на храна, ублажување на климатските промени и заштита на животната средина, усогласени со стратегијата F2F и Зелениот договор, и може да сочинуваат до 40% од вкупниот буџет на проектот.
- Трошоци за активности за да се покријат трошоците за планираните активности според предлог проектот.
- Други трошоци: Сите други трошоци што произлегуваат директно од барањата што ги наметнува договорот за грантот.

Категориите наведени погоре претставуваат можни директни прифатливи трошоци. Ако проектот не предвидува одредени трошоци (на пример, работилници/семинари/конференции), овие категории може да се остават празни во предвидениот буџет.

За да бидат прифатливи, трошоците мора да настанале за време на проектот, почнувајќи од стапувањето во сила на договорот за грант до крајниот рок на проектот. Сите директни прифатливи трошоци мора да се оправдаат со придружни документи, како што се фактури, евиденции за работни часови или докази за патување или учество на состаноци. Договорниот орган го задржува правото да побара какви и да било придружни документи за да се потврди дека трошоците прогласени за прифатливи навистина биле направени и се платени.

Неприфатливи трошоци

Следниве трошоци не може да бидат покриени со грантот:

- Трошоци што настанале за активностите на Апликантот преземени пред потпишување на договорот
- Наплата на долгови и должнички обврски (камата).
- Провизии за загуби, или потенцијални идни обврски.
- Активности на Апликантот насочени кон профитабилни активности.
- Активности на Апликантот што се поврзани директно со/или поддржуваат политички или религиозни агенди.
- Регрантирање.
- Трошоци што ги пријавил корисникот, а се финансирани преку други грантови.
- Купување на земјиште, згради и возила, освен таму каде што тоа е неопходно за директна имплементација на акцијата, во којшто случај сопственоста мора да биде пренесена во согласност со Член 7.5 од генералните услови на стандардниот договор за грант, најдоцна до крајот на акцијата;
- Загуби заради девизен курс.
- Кредити кон трети страни.
- ДДВ што не може да се поврати преку какви и да било други средства. (овој проект не покрива ДДВ)
- Бонуси вклучени во трошоците за персонал; царини и давачки за увоз, или какви и да било други трошоци.
- Казни, финански пенали и судски трошоци.
- Индивидуални спонзорства на Корисникот за учество во работилници, семинари, конференции, конгреси.
- Канцелариски материјали како што се печатачи; лаптопи, компјутери; телефони итн
- Алкохол и трошоци за тутун

**Овој проект не предвидува % на индиректни трошоци.**

Во шаблонот за буџет има табела „Оправдување на планираните трошоци“ во којашто апликантите за секоја ставка во буџетот мора да го внесат следново:

- наративно објаснување за секоја ставка на буџетот, потврдување на неопходноста на трошоците и нивната поврзаност со проектот (на пр. со референцирање на проектните активности или резултати во описот на проектот)
- оправдување на пресметката на проценетите трошоци (ве молиме забележете дека проценката треба да биде врз основа на реални трошоци)

## 2.2 КАКО ДА АПЛИЦИРАТЕ И КОИ ПРОЦЕДУРИ ТРЕБА ДА СЕ СЛЕДАТ

### 2.2.1 Апликации

Предлог проектите мора да бидат поднесени на локалниот јазик со резиме на англиски јазик во апликацијата (Annex A.1), во согласност со инструкциите дадени во Упатството и Формуларот за апликација.

Апликации напишани на рака нема да бидат прифатени.

Апликантите мора да го поднесат пополнетиот пакет за аплицирање којшто се состои од:
**А. Формулар за апликација** (вклучително и Изјава од апликантот со потпис и печат и пополнета листа за проверка)

**В. Буџет (двете табели пополнети – буџет и оправдување)**

што мора да се поднесе на F2FAcademyFund@anrd.al до **25.04.2025**, **најдоцна до 23:59**. Само поднесоците наброени во ова упатство и формуларите наброени во листата за проверка ќе бидат оценети. Не испраќајте дополнителни документи што не се специфично наведени во формуларот за апликација.

Потенцијалните апликанти може да испраќаат прашања за Фондот на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) и за процесот на поднесување на документи на истата електронска адреса наведена погоре, не подоцна од 21 ден пред крајниот рок, значи 04.04.2025. Прашања и одговорите со важни забелешки за апликантите ќе бидат објавени на https://anrd.al/ongoing/farm-to-fork-academy-for-green-western-balkans/ не подоцна од 15.04.2025, во согласност со правилото да бидат објавени барем 10 дена пред рокот за аплицирање. Според тоа, препорачливо е да се консултира официјалната веб страница редовно за информации за објавените прашања и одговори.

За да се осигура еднаков третман на апликантите, договорниот орган не може да даде претходно мислење за прифатливоста на апликантите, акцијата или специфичните активности.

Со пакетот за аплицирање, апликантите мора да ги поднесат следниве придружни документи:

- Тековна состојба на организацијата издадена од Централен Регистар на РСМ, не постара од 6 месеци;
- Потврда за обврските на организацијата (Потврда за статус на регистрација на даночен обврзник издадена од УЈП)
- Копија од последната завршна сметка на организацијата за апликантот. (ова важи само за граѓански организации, не за ЛАГ-ови)
- Портфолио на активностите на организацијата за апликантот и/или CV за главниот персонал ангажиран на проектот.
- Последен извод од банка.

Доколку горенаведените документи не се достават со пакетот за аплицирање, предлог проектот може да биде одбиен. Пакетот за аплицирање и придружните документи мора да се достават преку е-пошта наведувајќи како предмет „Поддршка за граѓанските организации преку Фондот на Академијата Од фарма до вилушка во Северна Македонија“.

Нецелосните апликации, апликации испратени по факс или какви и да било други средства што не се пропишани со ова Упатство, апликациите испратени по пошта или доставени на рака или испратени по истекот на крајниот рок нема да бидат земени предвид.

**Апликантите мора да потврдат дека нивната апликација е комплетна преку листата за проверка на формуларот за апликација за грант. Нецелосните апликации ќе бидат одбиени.**

**Организациите чиишто проекти ќе бидат наградени ќе добијат ментори и помош при имплементацијата на проектот.**

### 2.2.2 Дополнителни информации за апликациите

Во секоја земја од ЗБ-6, соодветниот партнер за имплементација ќе организира **четири информативни сесии** за овој повик за предлози. Подолу се наброени инфо сесиите за секоја земја.

| **Временски распоред на инфосесиите** | | | |
|---|---|---|---|
| **Земја** | **Локација** | **Датум** | **Време** |
| Албанија | Тирана, EU House | 10 март 2025 | 10:00 AM |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Влора, EU House | 11 март 2025 | 10:00 AM |
| | Шкодра, EU House | 12 март 2025 | 10:00 AM |
| | Корча, Младински центар | 13 март 2025 | 10:00 AM |
| Босна и Херцеговина | Сараево | 03.03.2025. | 10:00 AM |
| | Бањa Лука | 04.03.2025. | 10:00 AM |
| | Мостар | 10.03.2025. | 10:00 AM |
| | Бијелина | 11.03.2025. | 10:00 AM |
| Косово | | | 10:00 AM |
| | | | 10:00 AM |
| | | | 10:00 AM |
| | | | 10:00 AM |
| Црна Гора | | | 10:00 AM |
| | | | 10:00 AM |
| | | | 10:00 AM |
| | | | 10:00 AM |
| **Северна Македонија** | **Радовиш** | **7 март 2025** | **10:00 AM** |
| | **Скопје** | **10 март 2025** | **10:00 AM** |
| | **Кичево** | **11 март 2025** | **10:00 AM** |
| | **Битола** | **12 март 2025** | **10:00 AM** |
| Србија | Краљево | 11.03.2025 | 10:00 AM |
| | Ниш | 12.03.2025 | 10:00 AM |
| | Сремска Митровица | 13.03.2025 | 10:00 AM |
| | Нови Кнежевац | 14.03.2025 | 10:00 AM |

Покрај инфосесиите, овој Повик за предлози (CfP) предвидува **наменски пакет за обука за целни групи што ќе искажат интерес за оваа можност за финансирање.** Секој партнер во имплементацијата во соодветната земја од ЗБ 6 ќе спроведе четири денови наменски онлајн тренинг, по два дена за секоја линија на грантот. Тренингот ќе се фокусира на давање појаснувања за потенцијалните апликанти за процедурите и условите определени во шемите за доделување подгрантови; нивна поддршка во анализирањето и разбирањето на формуларите за апликација; нивна поддршка за ориентација кон една од двете достапни линии за финансирање. Датумите за сесиите за обука ќе бидат договорени взаемно во текот на секоја инфосесија, во согласност со техничките и тековните потреби на потенцијалнтие апликанти.

## 2.3 ЕВАЛУАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА НА АПЛИКАЦИИТЕ

Апликациите ќе бидат прегледани и оценети од страна на тимот на Фондот на Академијата Од фарма до вилушка (F2F) и нејзината Комисија за евалуација (EC). Сите апликации ќе бидат оценувани според следните чекори и критериуми.

Ако прегледувањето на апликацијата покаже дека предложената акција не ги задоволува критериумите за учество наведени во одделот 2.1, апликацијата ќе биде одбиена исклучиво врз основа на тоа.

## ЧЕКОР 1: ОТВОРАЊЕ & ЕВАЛУАЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНАТА ПРОВЕРКА

При отворањето и административната проверка, следново ќе биде предмет на оцена:

- Дали е испочитуван крајниот рок. Во спротивно, апликацијата автоматски ќе биде отфрлена.
- Дали некој од бараните документи за апликација (наброени во оддел 2.2) недостасува или е неточен, апликацијата може да биде одбиена **<u>исклучиво</u>** врз основа на ова и апликацијата нема да биде понатаму оценувана.
- Ќе биде направена верификација на прифатливоста врз основа на придружните документи што ги побарал Договорниот орган.
  - Изјавата на апликантот (Анекс 1од Формуларот за апликација) ќе биде проверена во споредба со придружните документи што ги обезбедил апликантот. Секој документ што недостасува или секоја недоследност помеѓу изјавата на апликантот и придружните документи може да доведе до одбивање на апликацијата исклучиво врз основа на тоа.
  - Прифатливоста на апликантите ќе се верификува врз основа на критериумите наведени во одделот 2.2.1.

## ЧЕКОР 2: ЕВАЛУАЦИЈА НА АПЛИКАЦИЈАТА

Апликациите што ќе ја поминат оваа проверка понатаму ќе се оценуваат според нивниот квалитет, вклучувајќи го предложениот буџет и капацитетот на апликантите.
Критериумите за евалуација што ќе се употребуваат се претставени во табелата за евалуација подолу. Постојат два вида критериуми за евалуација: критериуми за селекција и доделување.

**<u>Критериумите за селекција</u>** помагаат да се оцени оперативниот капацитет на апликантот и финансискиот капацитет на апликантот и се користат за да се верификува дека:

- Апликантите се организации со членство што оперираат како Локални акциски групи и ГО во форма на здруженија и имаат стабилни и доволно финансиски средства за да ја одржат својата активност во текот на предложената акција;

- имаат капацитет за менаџирање, професионални компетенции и потребни квалификации за да се исполни успешно предложената акција.

**<u>Критериумите за доделување</u>** помагаат да се оцени квалитетот на апликациите во поглед на целите и приоритетите определени во упатството и да им се доделат грантови на проекти коишто ја максимизираат севкупната ефективност на повикот за предлози. Тие помагат да се селектираат апликациите, за коишто Комисијата за евалуација ќе биде сигурна дека се во согласност со неговите цели и приоритети. Тие ја покриваат релевантноста на акцијата, нејзината конзистентност со целите на повикот за предлози, квалитетот, очекуваното влијание, одржливост и економичност.

**<u>Бодување:</u>**
Табелата за евалуација е поделена во секции и подсекции. Секоја подсекција ќе добие бодови од 1 до 5 како што следи: 1 = многу слабо; 2 = слабо; 3 = соодветно; 4 = добро; 5 = многу добро.

## Табела за евалуација

| **Секција** | **Максиму м бодови** |
|---|---|
| **1. Финансиски и оперативен капацитет** | **20** |

| | |
|---|---|
| 1.1 Дали апликантот/или ангажираното лице, има доволно искуство во управување со слични типови на акции како предложената? | 5 |
| 1.2 Дали апликантот/или ангажираното лице, има доволно техничка експертиза и капацитети да го имплементира проектот? | 5 |
| 1.3 Дали апликантот/или ангажираното лице, има доволен капацитет за оперативен менаџмент? (вклучително, персонал, опрема, административни и финансиски правила и процедури и способност за управување на акцијата)? | 5 |
| 1.4 Дали апликантот има доволно искуство и капацитет за менаџирање на проекти со грантови од слична големина? | 5 |
| **2. Релевантност на акцијата** | **25** |
| 2.1 Колку е релевантен предлогот во поглед на целта и спецификациите на повикот за предлози? * | **5*2** |
| 2.2 Колку е релевантен предлогот во поглед на конкретните потреби и ограничувања на целната област(и) во предлогот? Дали нивните потреби се јасно дефинирани и дали предлогот соодветно ги адресира?* | **5*2** |
| 2.3 Дали предлогот содржи специфични елементи на додадена вредност, промоција на родова еднаквост и еднакви можности, или иновација и добри практики? | **5** |
| **3. Ефективност и остварливост на акцијата** | **25** |
| 3.1 Дали предложените активности се соодветни, практични, и конзистентни со целите и очекуваните резултати? | 5 |
| 3.2 Дали акцискиот план е јасен и остварлив? | 5 |
| 3.3 Дали предлогот содржи индикатори што објективно може да се верификуваат како исход од акцијата? | 5 |
| 3.4 Презентација на анализа на ситуацијата и презентација на целите | 5 |
| 3.5 Задоволителна соработка со другите инволвирани актери | 5 |
| **4. Одржливост на акцијата** | **20** |
| 4.1 Дали е веројатно дека акцијата ќе има материјално влијание на целните групи? (Дали влијанието е позитивно и дали е јасно опишано и мерливо? | 5 |
| 4.2 Дали е веројатно предлогот да има повеќекратни ефекти и дали дава можности за споделување знаење? Дали активностите што се предлагаат за одржливост на проектот се реалистични и кохерентни? | 5 |
| 4.3 Дали очекуваните резултати од предложената акција се одржливи:<br>- финансиски *(како активностите ќе бидат финансирани откако ќе заврши финансирањето?)*<br>- институционално *(дали структурите што овозможуваат активностите да продолжат ќе постојат на крајот од акцијата? Дали ќе има локална 'сопственост' на резултатите од акцијата?)* | **5*2** |
| **5. Буџет и економичност на акцијата** | **10** |
| 5.1 Дали активностите се соодветно рефлектирани во буџетот? | 5 |
| 5.2 Дали соодносот помеѓу проценетите трошоци и очекуваните резултати задоволителен? | 5 |

| **Максимум бодови** | **100** |
|---|---|
| | |

**Овие бодови се множат со 2 заради нивната важност

Ако вкупниот резултат од табелата за евалуација падне под 40 поени може да биде одбиена.

По евалуацијата, ќе се подготви табела во која ќе се набројат апликациите рангирани според резултатот. Апликациите со најголем број на бодови ќе бидат привремено селектирани додека не се добие расположливиот буџет за овој повик за предлози. Дополнително, ќе биде изготвена резервна листа според истите критериуми. Оваа листа ќе се користи доколку се добијат повеќе средства за време на периодот на важност на резервниот список. Секоја одбиена апликација ќе биде заменета со следната најдобро пласирана апликација на резервниот список што спаѓа во расположливиот буџет за овој повик за предлози.
Листата на проекти што добиле грантови ќе биде објавена на https://anrd.al/ongoing/farm-to-fork-academy-for-green-western-balkans/

### 2.4 Известување за одлуката на договорниот орган

Апликантите ќе бидат информирани преку е-пошта за одлуката на Договорниот орган во врска со нивната апликација.

Пред потпишувањето на договорот Органот што го доделува подгрантот го задржува правото да преговара со апликантот со цел:

- Да обезбеди економичност на акцијата;
- Да обезбеди фер баланс помеѓу оперативните и неоперативните трошоци;
- Да бидат рефлектирани реалните пазарни трошоци;
- Да бидат рефлектирани трошоци во согласност со предложените активности

Точките на преговарање во никој случај не треба да го променат суштинскиот дел од предложената акција, туку поскоро да бидат во согласност со административните/финансиските/ЧР/програмските правила на ЕУ и Договорниот орган.

По финализацијата на горните точки, договорот за доделување подгрант ќе биде потпишан помеѓу релевантниот апликант и Договорниот орган.

### 2.5 Право на жалба

Апликантот што верува дека е оштетен по грешка или заради неправилност во текот на процесот на доделување може да поднесе жалба.

Барањето за жалба мора да биде поднесено директно од страна на апликантот најдоцна седум календарски дена од датумот на објавување на информациите преку писмено известување на адресата F2FAcademyFund@anrd.al и во него треба јасно да се наведе основата на проблемот/жалбата.

Целосен одговор ќе биде испратен до подносителот на жалбата најдоцна 15 дена од датумот на поднесување на жалбата.

Жалбата ќе ја разгледаат Менаџерот за грантови и соодветниот Национален координатор, кои ќе подготват збирен извештај за сите извршени процедури.

Доколку има јасен доказ дека е направена грешка, што можеби влијаела на одлуката за финансирање, проектот ќе биде повторно оценет. Ако нема јасен доказ за можни грешки, нема да се преземе никаква реевалуација. Сите жалби се третираат доверливо при што се чуваат личните податоци на која и да било заинтересирана страна.

### 2.6 Услови за имплементација по одлуката на договорниот орган да го додели грантот

По одлуката за доделување грант, на корисникот ќе му биде понуден договор врз основа на стандарден договор за грант. Со потпишување на формуларот за апликација, апликантите се согласуваат, доколку им се додели грант, да ги прифатат договорните услови од стандардниот договор за грант.

**Временска рамка**

| | ДАТУМ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|
| **1. Информативни сесии** | [3 – 21 март, 2025] | 10:00 – 12:00 |
| **2. Краен рок за барање појаснувања од Договорниот орган** | Со датум 21 ден пред крајниот рок за поднесување><br><br>4 април, 2025 | 17:00 |
| **3. Последен датум до кога се даваат појаснувања од страна на Договорниот орган** | < Со датум 11 денови пред крајниот рок за поднесување><br><br>15 април, 2025 | 17:00 |
| **4. Краен рок за поднесување на апликациите** | 25 април, 2025 | 23:59 |
| **5. Информирање на апликантите за отворање и административна проверка и проверка на правото на учество (Чекор 1)** | 2 мај, 2025 | 17:00 |
| **6. Информирање на апликантите за евалуацијата на целосните апликации (Чекор 2)** | 30 мај, 2025 | 17:00 |
| **7. Известување за доделувањето (Чекор 3)** | 4 јуни, 2025 | 17:00 |
| **8. Потпишување договор** | 16 јуни, 2025 | 17:00 |

Сите времиња се во часовната зона на земјата на договорниот орган

Оваа временска рамка нуди условни датуми (освен датумите под 1, 2, 3, и 4) и може да биде ажурирана од Договорниот орган во текот на процедурата. Во таков случај, ажурираната временска рамка ќе биде објавена на веб-страницата на Мрежата за рурален развој на Северна Македонија .

## 1. ЛИСТА НА АНЕКСИ

## ДОКУМЕНТИ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ПОПОЛНЕТИ

Анекс А: Формулар за апликација за грант (Ворд формат)

Анекс А.1: Резиме на предлогот на англиски

Анекс B: Буџет (Ексел формат)

Анекс C: Формулар за правно лице

Дополнително, апликантите мора да ги поднесат следниве придружни документи:

- Тековна состојба на организацијата издадена од Централен Регистар на РСМ, не постара од 6 месеци;
- Потврда за обврските на организацијата (Потврда за статус на регистрација на даночен обврзник издадена од УЈП)
- Копија од последната завршна сметка на организацијата за апликантот. (ова важи само за граѓански организации, не за ЛАГ-ови)
- Портфолио на активностите на организацијата за апликантот и/или CV за главниот персонал ангажиран на проектот.
- Последен извод од банка

## ДОКУМЕНТИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

Анекс I: Договор за грант
Анекс II: Правила за доделување договор
Анекс III: Шаблони за наратовен извештај
Анекс IV: Шаблони за финансиски извештај
Анекс IV: Стандардно барање за исплата